Ул: Стогово 13 А 1000 Скопје, Р.Македонија
Т: 389 2 3124 322 F: 3126 920 E: mail@euromakkontrol.com

## ЕУРОМАК – КОНТРОЛ ОДДЕЛ ИНСПЕКЦИЈА
QUALITY SUPERINTENDENCE CORPORATION

# СЕРТИФИКАТ ЗА КВАЛИТЕТ
# БР. 58-1/25

**Скопје, 30.04.2025 год.**

## I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

1. **Име на производ:** **Hydrostop Liquid Rubber, течна гума-транспарентна хидроизолација**
2. **Нарачател:** Друштво за производство, трговија, услуги и превоз НИЛЕГО ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Куманово
3. **Место и дата на инспекција:** 15.04-30.04.2025 год. Лабораторија на „Еуромак-Контрол" ДОО Скопје (Извештај бр.XIV-04-25/69)
4. **Услови на инспекција:** По доставена мостра
5. **Техничка документација:** Закон за хемикалии („Службен Весник на РМ" бр. 145/10), Правилник за условите во поглед на здравствената исправност на предмети за општа употреба што може да се пуштаат во промет (Сл. Лист на СФРЈ 26/83 и 50/89), Закон за општа безбедност на производите (Сл. Весник на РСМ бр. 302/20, 3/25).

## II. ПРЕДМЕТ НА ИНСПЕКЦИЈА

1. **Квалитативна инспекција:** Органолептичка, физичка и хемиска анализа на **Hydrostop Liquid Rubber, течна гума - транспарентна хидроизолација.**

## III. НАОД НА ИНСПЕКЦИЈА

| **Органолептичка анализа** | **Резултат** |
|---|---|
| Изглед | Густа смеса |
| Боја | Бела |
| Мирис | Карактеристичен за производот |
| Пакување | Пластична амбалажа од 800 g |

### 3.1 Физичка и хемиска анализа

| Испитани параметри | Декларирани вредности | Резултат |
|---|---|---|
| Ратворливост во вода | / | Потполна |
| pH (1%) | / | 8,38 |
| Специфична тежина | / | 1,031 g/cm$^3$ |
| Остаток после испарување на 105 °C | / | 86,3 % |
| Испарливи компоненти | / | 13,7 % |

### 3.2 Производителска спецификација:

| |
|---|
| Полимер |
| Вода |
| Антипена |

## IV. ПРИМЕНА НА ПРОИЗВОДОТ

**Hydrostop Liquid Rubber, течна гума - транспарентна хидроизолација** е специјална заптивна емулзија за ѕидови, рамни кровови, подруми, купатила, темели, базени, фонтани, балкони и било кои други бетонски површини. Филмот добиен со течна гума транспарент е многу еластичен, траен, водоотпорен и декоративен во исто време. Може да се употребува внатре и надвор, на стари и нови површини. Идеален е за површини со пукнатини поради својата еластичност. Исто така отпорен е и на создавање нови пукнатини на веќе покриена површина. Се аплицира врз: малтер, цигли, натур бетон, гипс, стакло, дрво, иверица, метал и др. Може да се аплицира пред лепење на керамички плочки како и врз нив. Филмот што го формира течна гума транспарент е комплетно отпорен на надворешни влијанија во подолг временски период. Површините премачкани со течна гума транспарент се рамни, без споеви и фуги. Производот може да се пигментира.

## V. УПОТРЕБА НА ПРОИЗВОДОТ

Подлогата претходно треба да биде чиста, сува, без прашина и обезмастена. Прво се нанесува Полигрунд 1к еластик подлога. Врз неа се премачкува течната гума транспарент. При апликација на првата рака може да се разреди со вода до 15%. За втората и третата рака се аплицира неразреден. Се нанесува со кончан ваљак или со четка (за помали површини) или со шприцање (за поголеми површини). Секоја наредна рака, течната гума се нанесува после исушување на претходната. Времето на сушење е неколку часа во зависност од временските прилики. Се нанесува исклучиво на сува површина.
НАПОМЕНА: Додека не се исуши, не смее да дојде во контакт со вода или друга течност. Се аплицира исклучиво на температури над 5°C и не се препорачува да се работи на температури над 35°C. Се аплицира 2-3 раце во зависност од површината и потребата. По потреба може да се армира со стаклена мрежичка или микрофиберни влакна на ивици и агли каде е потребно појачување. Приборот и рацете се мијат со вода.

## VI. ПАКУВАЊЕ И МАРКИРАЊЕ

Доставената мостра е пакувана во единечна оригинална пластична амбалажа. Согласно одредбите на Законот за хемикалии („Службен весник на РМ" бр. 145/10), декларацијата на средството содржи: **Hydrostop Liquid Rubber, течна гума - транспарентна хидроизолација**, име и заштитен знак, адреса и телефонски број на правното лице одговорно за ставање во промет, адреса, и-меил адреса и телефонски број на лицето од кое може да се добие листата на податоци за состојките, како и содржината на производот и инструкциите за употреба и специјалните предупредувања.

## VII. СКЛАДИРАЊЕ И ЧУВАЊЕ

Да се чува во простории со температура од 5 до 35 °C. Не се препорачува негово чување подолго време на сончево влијание. Производот не смее да се замрзне!

## VIII. БЕЗБЕДНОСНИ МЕРКИ

### 8.1 Опасност по здравјето

Во случај на орална консумација на препаратот, потребно е да се испира стомакот со поголема количина на обична вода и веднаш да се побара стручна лекарска помош. Во случај на контакт на препаратот со очи, потребно е испирање со силен млаз на вода, најмалку 15 минути, а во меѓувреме да се побара лекарска помош. При работа се препорачува користење на лични средства на заштита.

## IX. ЗАКЛУЧОК

Врз основа на извршената анализа на физичко-хемиските карактеристики и добиените резултати се констатира дека предметната мостра, **Hydrostop Liquid Rubber, течна гума - транспарентна хидроизолација** ги задоволува барањата согласно Законот за хемикалии („Службен Весник на РМ" бр. 145/10), Правилникот за условите во поглед на здравствената исправност на предмети за општа употреба (Сл. Лист на СФРЈ 26/83 и 50/89), и Закон за безбедност на производите (Сл. Весник на РМ бр. 33/06, 63/07, 24/11, 51/11, 148/11, 164/13, 152/15) и може да се пушти во употреба.

**Инспектор** – Теодора Вражалковска ______________
изработува

**Виш Инспектор** – Сузана Темелкоска ______________
контролира

М.П.

**Технички менаџер** – Сузана Темелкоска ______________
одобрува

**НАПОМЕНА:** Сертификатот од инспекцијата се однесува исклучиво на условите и местото во време кога е вршена инспекцијата. Умножувањето на овој Извештај од инспекција не е дозволено, единствено со оддобрение на нарачателот на инспекцијата и инспекциското тело.

This inspection has been carried out to the best of our knowledge and conscience and this certificate does not absolvethe seller and the buyer from their contractual responsibilities. In case of quality superintendence or inspection of goods we are responsible in accordance with the deed contract, in case of taking over of goods in accordance with principles of power of attorney, while for weight and quality quarantine transactions we are responsible in accordance with the stipulations of contracts concluded relative to such transactions